И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска
именуван за подрачјето на
Основните Судови
Гостивар и Кичево
ул. Никола Тесла бр. 1
тел. 042 221-510

И.бр.1489/24

Извршителот Весна Јакимовска од Гостивар врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Тахир Велија од Гостивар, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.273/2022 од 22.03.2022 на Нотар Прпарим Реџепи, против должникот Мухамед Зулфија од Гостивар за спроведување на извршување, на ден 12.03.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО ВТОРО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со второ усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:
1. Philips радио касетофон со цена од 500,00 ден
2.Звучник Samsung еден голем и пет мали со цена од 200,00 ден
3. Плакар со стакло и фиоки во долниот дел вграден во ќошот, крем боја со цена од 2.500,00ден
4.Теписи црни со шарени цветови еден поголем друг помал попиши со цена од 2.250,00 ден
5.Две плакарчиња кафеава боја со по една вратичка од стакло и дел од комода иста боја со цена од 2.000,00 ден
6. Маса крем боја елипсовидна форма со цена од 2.250,00 ден
7.Плава боја столици за седење со метални ногарки вкупно 5 со цена од 1.000,00 ден
8.Две плакарчиња со фиоки и предел за закачување и предел со вратички кафеава боја со цена од 2.500,00 ден
9.Плакар дрво боја со вратички и предел за телевизор фиоките се извадени со цена од 2.000,00ден
10.Машина за перее марка Gorenje со цена од 2.500,00 ден
11. Слики мотив природа затекнати во различни простории во станот вкупно 4 со цена од 300,00ден
која вредност претставува почетна цена за второ усно јавно наддавање.
Предметите се оптоварени со следните товари: /
Предметите се продаваат во пакет за вкупна цена од 18.000,00 ден.

Продажбата ќе се одржи на ден 26.03.2026 год во 10:00 часот во просториите на Извршител Весна Јакимовска на ул Никола Тесла бр.1 во Гостивар.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страната на Комората на извршители на РСМ .

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај доверителот Тахир Велија.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Јакимовска**

---

**Врска IV СТ-203/25**
**До ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД**
**Скопје**

**О Г Л А С**
**За избор на вешто лице-проценител по пат на затворени писмени понуди**

Стечајниот Друштво за производство, промет и услуги ВУЛЕ КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – во стечај со ЕМБС 5701384 има потреба од процена на имотот – стечајна маса, од страна на овластен проценител.

Предмет на процена е:
- Недвижен имот опишан во Имотен лист 50424 КО Кисела Вода 1
- Залиха по спецификација
- Побарувања и обврски
- Подвижен имот по спецификација

Понудите за изработка на процена се доставуваат во затворен плик со назнака "не отварај – понуда", и без било какви ознаки по пошта на адреса на стечајниот управник Димитар Калков, ул. Бул. Партизански одреди бр.62-2/24 Скопје во рок седум дена од денот на објавата на огласот во дневниот весник.

Заинтерисираните проценители подетално може да се информираат на телефон 071 332244.

Со понудите заинтересираните проценители потребно е да достават и докази за овластувањата согласно законски прописи за вршење на процена.

Критериуми за избор на најповолна понуда се: висина на понудена цена и рок за изработка на процената.

За извршениот избор понудувачите ќе бидат известени во рок од 3 дена по разгледувањето на пристигнатите понуди од страна на членовите на привремениот Одбор на доверители.

**ВУЛЕ КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – во стечај**

---

Врз основа член 22 став (1) точка (1) и Член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Р.М." број 167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Р.С.М." број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23), а во врска со Известување за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено работно време по основ на старо финансирање со дел. број 19-799/2 од 11.03.2026 година од Министерството за финансии и Известување со дел.бр. 13-1228/4 од 11.03.2026 година од Министерството за образование и наука, ДСУЛУД„Лазар Личеноски" – Скопје распишува:

**Ј А В Е Н О Г Л А С**
**За вработување на хигиеничар на**
**неопределено работно време по основ на старо финансирање**

Се распишува Јавен оглас за вработување на технички персонал на неопределено работно време по основ на старо финансирање за следното работно место:
- 1(еден) извршител за работното место хигиеничар со полно работно време 40 (четириесет) работни часа неделно, со завршено основно или средно образование, распореден во 5(пет) работни денови во текот на работната недела во една смена од 0700 до 1500 часот, со основна нето месечна плата од 24.000,00 денари.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени во одредбите од Законот за работните односи и Законот за средното образование, и тоа:
- да имаат соодветно образование за потребното работно место
- да се државјани на Република Северна Македонија

Потребни документи за пријавување по огласот:
- Пријава (молба),
- Диплома или уверение за завршено соодветно образование,
- Уверение за државјанство

Јавниот оглас трае 3 (три) работни денови сметано од денот на објавувањето, а изборот се врши во зависност од пријавените кандидати, согласно член 23 став (2) од Законот за работните односи.

Потребните документи се доставуваат во оригинална форма или фотокопија заверена на нотар во архивата на училиштето ДСУЛУД„Лазар Личеноски"-Скопје ул.Киро Крстевски-Платник бр.15 Скопје.

Некомплетните, неуредните и ненавремено доставени документи ќе бидат отфрлени и нема да се разгледуваат од Комисијата.

**ДСУЛУД„Лазар Личеноски"-Скопје**

---

Врз основа на член 38 од Законот за научно истражувачка дејност ("Сл. весник на РМ" бр. 46/2008 со измените) а согласно член 24 од Статутот на Приватната научна установа - УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој Скопје, Советот на Институтот распишува:

**КОНКУРС**
**за избор на еден истражувач во соработничко звање**

1. На Институтот за претприемништво и лидерски развој се распишува конкурс за избор на:
еден соработник во соработничко звање – помлад асистент истражувач во научна област маркетинг (5.02.00.05) и менаџмент и бизнис (5.02.00.03).

2. Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат условите од Законот за научно истражувачка дејност („Сл.весник на РМ" бр. 46/2008 со измените), и член 22 од Статутот на Приватната научна установа - УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој Скопје, одлично да го владеат англискиот јазик, да покажуваат способности за научни истражувања.

3. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават во копија заверена на нотар следните документи:
- Нострифицирана диплома за завршено соодветно образование,
- Кратка биографија,
- Потврда за познавање на англиски јазик.

4. Потребните документи кандидатите треба да ги достават во рок од 8 дена од објавување на конкурсот во Ректоратот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје со назнака До Институт за претприемништво и лидерски развој Скопје на адреса ул. Трета Македонска бригада бр. 60, 1000 Скопје.

Некомплетните и ненавремени документи нема да се разгледуваат.

**Совет на**
**УАКС Институт за претприемништво и**
**лидерски развој Скопје**

---

**Архивски број: 04-2619/1**
**Датум: 13.03.2026**

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

Врз основа на член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20, 208/24), а во врска со член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Службен Весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 27/16, 120/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за социјална политика, демографија и млади, министерот за социјална политика, демографија и млади објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 05/2026**
**за вработување на 2 (две) лица на определено време**

Министерството за социјална политика, демографија и млади објавува Јавен оглас за вработување на 2 (две) лица на определено време до 31.12.2026 година, на следните работни позиции:

**1. УПР0101Г04000 Помлад референт за административно - техничка поддршка на работата на државните советници, Одделение за општи и заеднички работи, Сектор за правни и нормативни, општи и заеднички работи, 1 (еден) извршител**

А) Општи услови согласно законот
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Б) Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот:
Вид на образование:
Вишо или средно образование

Стручни квалификации:
• Ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,

Работно искуство: најмалку една година работно искуство во струката

В) Општи работни компетенции
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- ориентираност кон клиентите/засегнатите страни,
- финансиско управување.

Г) Посебни работни компетенции
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

Распоред на работното време:
- Работни денови од понеделник до петок
- Работни часови: 40 часа неделно
- Работно време со почеток во периодот од 7.30 до 8.30 и крај на работното време во периодот од 15.30 до 16.30.

Паричен износ на нето плата: **27.000,00 денари**

**2. Помлад соработник за Регионална поддршка за остварување на права за боречка и инвалидска заштита, Одделение за остварување на права од боречка и инвалидска заштита, Сектор за боречка и инвалидска заштита, 1 (еден) извршител**

А) Општи услови согласно законот
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Б) Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот:
Вид на образование: Високо образование

Стручни квалификации:
• Ниво на квалификации VI Б според Македонска рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

Работно искуство: со или без работно искуство во струката

В) Општи работни компетенции
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест,
- ориентираност кон клиентите/засегнатите страни,
- финансиско управување.

Г) Посебни работни компетенции
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

Распоред на работното време:
- Работни денови од понеделник до петок
- Работни часови: 40 часа неделно
- Работно време со почеток во периодот од 7.30 до 8.30 и крај на работното време во периодот од 15.30 до 16.30.

Паричен износ на нето плата: **31.640,00 денари.**

Кандидатите кон пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите наведени во јавниот оглас, во оригинална форма или копија заверена на нотар, и тоа:
- Уверение за државјанство, не постаро од 6 (шест) месеци;
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место, не постаро од 1 (една) година;
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, не постара од 6 (шест) месеци (во оригинал);
- Доказ - Диплома/Уверение за завршено образование (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- Доказ за соодветно работно искуство
- Кратка биографија

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на огласот (сметано од денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Ненавремени, нецелосни и некомплетни пријави и документација нема да бидат разгледувани.

Постапката за вработување на овој јавен оглас ја спроведува Комисија за селекција и избор на кандидати по јавен оглас.

По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведените работни позиции, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Изборот на кандидатите ќе се врши во рокот пропишан согласно член 23 од Законот за работни односи.

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време.

Напомена:
Пријавата заедно со потребните документи да се достават во Архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади или по пошта на следната адреса:

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**
**ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје**
**(со назнака ЗА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ БРОЈ 05/2026)**

**Министер,**
**Fatmir Limani**